# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата

Среда, 13 март 1985
Скопје
Број 7 Год. XLI

Претплатата за 1985 година изнесува 2.000 динари. Овој број чини 80 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**101.**

Врз основа на член 362 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 207 став 2 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 31 јануари 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

I

Се формира Комисија за деловнички прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Комисија).

II

Комисијата ја следи и проучува примената на одредбите од Деловникот на Собранието, деловниците на соборите, деловниците на работните тела на Собранието и Деловникот на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, а особено во однос на:

— остварувањето на правата и должностите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации во Собранието;

— остварувањето на правата и должностите на делегатите во соборите на Собранието (право на делегатски прашања, постапка на разгледување на интерпелација, обезбедување услови за употреба на јазикот и писмото, обезбедување услови за вршење на функцијата на делегат, имунитет на делегатите и престанок на мандатот на делегатите);

— работата и соработката на соборите, работните тела на Собранието и на соборите и собранијата на самоуправните интересни заедници;

— програмирањето на работата;

— актите на Собранието;

— постапката за донесување на закони и други општи акти;

— постапката за склучување на договори, општествени договори и самоуправни спогодби;

— јавноста во работата на Собранието;

— односите на Собранието и Претседателството на Републиката;

— начинот на остварување на правата и должностите на Собранието спрема Извршниот совет, републичките органи на управата, Уставниот суд на Македонија и правосудните органи и

— соработката на Собранието со собранијата на другите општествено-политички заедници и со општествено-политичките и други општествени организации, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници.

III

Комисијата ги анализира предлозите, сугестиите и мислењата на делегатите, на работните тела на Собранието и на соборите и другите заинтересирани органи и организации во однос на примената на деловничките одредби и по повод на тоа или по сопствено сознание може:

— на Собранието, соборите, работните тела на Собранието и Делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да им предлага измени и дополнувања на деловниците што тие ги донесле и

— на Претседателството на Собранието да му предлага да донесе толкување на одделни деловнички одредби.

IV

Комисијата дава мислење на нацртите и на предлозите на деловниците на работните тела на Собранието и на Делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

V

Комисијата соработува со соодветните тела на собранијата на општините.

Комисијата остварува контакти и соработка со соодветните тела на собранијата на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини и Собранието на СФРЈ.

VI

Комисијата се состои од претседател и тринаесет членови. Претседателот и шест членови се избираат од редот на делегатите во соборите на Собранието, три члена од редот на стручните работници, а по својата функција членови на Комисијата се претседателот на Законодавно-правната комисија и претседателот на Клубот на делегатите на Собранието. По еден член во Комисијата делегираат Извршниот совет на Собранието и Републичката конференција на ССРНМ.

VII

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-363
31 јануари 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

---

**102.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 31 јануари 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ И БИТОЛА

I

Се разрешува од должноста судија на Окружниот суд во Скопје

Слободан Давидовски, поради исполнување условите за пензија, а разрешувањето се врши со важност од 31 декември 1984 година.

За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

Атанас Поп Ѓорчев, судија на Окружниот суд во Скопје,

Љиљана Ингилизова — Ристова, дипломиран правник од Скопје,

Милка Ристова, судија во Општинскиот суд Скопје I — Скопје и

Владимир Бабунски, судија во Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

II

За судии на Окружниот суд во Битола се избираат:

Олга Бошевска, судија на Општинскиот суд во Битола и

Васко Кузев, судија на Општинскиот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-367
31 јануари 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова,** с. р.

## 103.

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 31 јануари 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

За судии поротници на Врховниот суд на Македонија се избираат:

Општина Берово

Надица Ѓердовска, професор во ЦСНО „Ацо Русковски".

Општина Битола

Љубица Ангеловска, правник, вработена во „Жито Битола",

Петар Тасевски, социјален работник во „Југотутун",

Вангел Неделкоски, потполковник во пензија и

Ангелко Попоски, наставник, член на ОК на ССРНМ.

Општина Валандово

Ленче Арабаџиева, просветен работник, вработена во ЦОУ „Јосип Броз Тито".

Општина Виница

Михаил Чаршавски, Стопанска банка — Виница.

Општина Гази Баба

Павле Василевски, дипломиран правник, секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Гази Баба.

Општина Гевгелија

Васо Ашиков, дипл. правник, вработен во ВФ — Керамика.

Општина Гостивар

Расин Демири, земјоделец од с. Равен.

Општина Дебар

Казани Неџат, вработен во Кристалограверница.

Општина Делчево

Младен Цонев, вработен во „Кожара".

Општина Демир Хисар

Цветко Кузмановски, дипл. правник.

Општина Кавадарци

Вера Влаинкова, вработена во АК „Тиквеш".

Општина Карпош

Аница Цацу, техничар.

Општина Кисела Вода

Росанка Блажевска, шивачка.

Општина Кичево

Касум Бајрами, шеф на Железничката станица — Зајас.

Општина Кочани

Димче Минов, вработен во индустрија „Руен".

Општина Кратово

Јаким Атанасовски, апсолвент на Филозофскиот факултет, вработен во Гимназијата.

Општина Крива Паланка

Мирон Поповски, текстилен инженер, шеф на одделението во ТРО „Карпош".

Општина Крушево

Михајло Нока, Собрание на општината Крушево.

Општина Куманово

Стојко Николовски, вработен во ОУ „Браќа Миладиновци".

Општина Македонски Брод

Столе Тренкоски, Собрание на општината Македонски Брод.

Општина Неготино

Никифор Петровиќ, социјален работник во Центарот за социјални работи.

Општина Охрид

Александар Иваноски, наставник во ЦОУ „Братство и единство".

Општина Прилеп

Лилјана Конеска, правник, вработена во ЗИК — Прилеп, ООЗТ Кооперација.

Општина Пробиштип

Митревска Зорица

Општина Радовиш

Влашка Стојанова, непосреден производител во ООЗТ „Радовишанка".

Општина Ресен

Тодор Грнчаровски, вработен во Центарот за основно образование.

Општина Свети Николе

Летка Гроздапова, инж. агроном, вработена во ЗИК „Овче Поле", ООЗТ Кооперанти.

Општина Струмица

Марика Бекарова, дипл. правник, вработена во РО „Југотутун".

Општина Струга

Шефкет Сулејмани.

Општина Тетово

Ружди Мухареми, секретар на Општинската СИЗ на културата.

Општина Титов Велес

Надежда Јорданова, вработена во Центарот за социјални работи.

Општина Центар

Миодраг Ангеловски.

Општина Чаир

Решат Махмуд, вработен во Рудници и железарница — Скопје, ООЗТ Транспорт.

Општина Штип

Златица Арнаудовска, педагог,

Лилјана Крстева, социјален работник во Медицинскиот центар,

Трајче Келев, наставник во ОУ „Ванчо Прке" и

Панче Докузов, политички работник во ОК ССРН.

II

За судии поротници во Стопанскиот суд на Македонија се избираат:

Општина Берово

Ванче Колевски, вработен во РО „Алкалоид", ООЗТ Заводни материјали.

Општина Битола

Томе Кузмановски, самостоен референт во ПТТ,

Ѓорѓи Андровски, правник, вработен во „Раде Кончар" и

Михајло Стојановски, пензионер.

Општина Валандово

Кросте Ефтимов, вработен во ЗК „Анска Река" — Ладилник.

Општина Виница

Никола Прокопенко, вработен во „Југотутун" — „Горица".

Општина Гази Баба

Стојмен Величковски, дипл. правник,

Коле Спасески, дипл. машински инженер,

Марија Дерибабова,

Бранислав Ѓошевски,

Југослав Ристевски,

Вера Станоева, наставник,

Митко Наумовски, вработен во РО „Макпромет" — Штип, Претставништво — Скопје,

Драган Живковиќ, вработен во РО „Бетон",

Растислав Мицевски, вработен во ОУ „Вера Јоциќ",

Борис Крстевски, економист,

Хасан Исмаил, вработен во ТРО „Славија",

Боро Димитриевски, секретар на Советот на месната заедница „Јане Сандански",

Александар Налетовски, вработен во Ветеринарниот институт,

Марионика Стефанова, вработена во Комуна, РЗ Заеднички служби,

Лазо Младеновски, раководител на продавница „Газела", ООЗТ Промет и

Снежана Славкова, Техничко-металуршки факултет.

Општина Гевгелија

Костадин Ќосев, вработен во Советот на Сојузот на синдикатите.

Општина Гостивар

Олгица Стефаноска, дипл. економист, вработена во РО „Мермери" и

Емерли Амети, професор во ОУ во с. Дебреше.

Општина Дебар

Мухамед Папраднику, секретар на ЗК „Прогрес".

Општина Делчево

Стојмен Веселинов, вработен во РОК „Саса" — Македонска Каменица.

Општина Демир Хисар

Ристо Галовски, дипл. правник и

Владо Радевски, дипл. правник.

Општина Кавадарци

Слободанка Ристова, вработена во „Ексимпорт" — с. Марена.

Општина Карпош

Ристо Палчевски,

Илија Трпевски,

Ѓула Сарачини, наставник,

Цветан Јосифовски, економист,

Глигор Глигоровски, правник,

Лилјана Кочовска,

Костадин Туцаров, пензионер,

Шабан Рамети, наставник и

Татјана Ефремова, апсолвент на Правниот факултет.

Општина Кисела Вода

Цветан Димовски, пензионер,

Никола Момировски, дипл. економист,

Елица Стефановска, вработена во ГРО „29 Ноември",

Трајче Димовски, вработен во ПРО „Први мај",

Душанка Крстева, вработена во фабриката „Мирка Гинова" и

Љубица Донева, вработена во фабриката „Црвена Ѕвезда".

Општина Кичево

Драган Попоски, вработен во Општинскиот синдикален совет.

Општина Кочани

Евгенко Глигоров, вработен во РО „Жито ориз".

Општина Кратово

Боге Велковски, вработен во ООЗТ „Неметали — „Силекс".

Општина Крива Паланка

Мирко Стефановски, вработен во ООЗТ „Треска — Осогово"

Општина Крушево

Мише Петрески, вработен во ОЗТ „Илинденка".

Општина Куманово

Цветан Јакимовски, правник, вработен во Кожара и

Незахете Салиу, наставник во ОУ „Бајрам Шабани".

Општина Македонски Брод

Воислав Станоевски, вработен во Тутунскиот комбинат.

Општина Неготино

Славчо Петров, вработен во ООЗТ „Пролетер".

Општина Охрид

Марија Балабан, вработена во ХТД и

Благоја Булевски, Општински совет на ССО.

Општина Прилеп

Бранко Коњарец, економист, вработен во Енергоинвест „11 Октомври",

Круме Митрикески, тутунски техничар, вработен во Тутунскиот комбинат — ООЗТ Кооперација и

Пенка Игнатоска, правник, вработена во ТИ „Билјана".

Општина Пробиштип

Тодор Аксентиев.

Општина Радовиш

Трајче Илиев, вработен во РО „Декортекс".

Општина Ресен

Симе Стојчевски, дипл. правник, вработен во РО „Преспатекст".

Општина Свети Николе

м-р Димитар Младенов, вработен во ЗИК „Овче Поле", ООЗТ Заеднички служби.

Општина Струга
Вангел Тодоровски, вработен во „Полипласт".

Општина Струмица
Илија Гастарски, дипл. економист, вработен во Фабриката за сан. керамика „Македонија".

Општина Тетово
Љубица Стојковска, секретар на Секретаријатот за инспекциски работи на Собранието на општината Тетово,
Бурхан Хоџа, дипл. правник, вработен во Заедницата за вработување.

Општина Титов Велес
Благој Целцев, дипл. економист и
Лилјана Динева, дипл. технолог, вработена во Хемиската индустрија „Велес".

Општина Центар
Герасим Поповски,
Идриз Емин,
Ристо Нечовски,
Васил Поповски,
Вера Димитрова и
Славе Петровски.

Општина Чаир
Ибуш Азис, вработен во „Скотекс",
Хаире Папранику, ОУ „Петар Здравковски — Пенко",
Хилда Георгиевска,
Атанасие Гувтев, пензионер
Стојче Тапанџиовски, вработен во „Македонија латент" и
Цветко Црвчевски, пензионер.

Општина Штип
Панче Петров, вработен во ЗИК „Црвена Ѕвезда",
Алексо Личенов, вработен во ГРО „Бетон",
Стојна Поповска, вработена во Памучната индустрија „Македонка".

III

За судии поротници на Окружниот суд во Битола се избираат:

Општина Битола
Славица Ѓуровска, вработена во „Иднина", ОЗТ „Елпида",
Томе Илиевски, вработен во ЗИК „Пелагонија", ОЗТ „Шеќерана",
Максим Јоновски, вработен во „Иднина", ОЗТ „Хераклеа",
Владо Петковски, вработен во „Свилара",
Драга Талевска, КВ работничка во „Југотутун"
Ѓорѓи Христовски, пензионер,
Таки Петковски, КВ работник во ЗИК „Пелагонија", ООЗТ „Шеќерана",
Стефан Кочовски, КВ работник во „Југотутун",
Богоја Митревски, КВ работник во „Битолатекс",
Бори Наневски, вработен во Општинскиот синдикален совет,
Љубица Николова, КВ работничка во „Битолатекс",
Димитар Попов, пензионер,
Панче Мицевски, пензионер,
Мишко Алексовски, пензионер,
Рафаил Тасевски, книговодител,
Димче Ѓорѓиевски, пензионер,
Александар Поповски, пензионер,
Вебо Нумановиќ, пензионер,
Васил Атанасов, магационер во „Пелагонија-комерц",
Никола Зачевски, вработен во ШИП „Кајмакчалан",
Борис Питошки, вработен во ООЗТ „Фустеларко борец",
Радица Степановска, вработена во „Лозар",
Алексо Ризовски, КВ работник,
Методија Костов, правник, вработен во КРО „4 Ноември",
Богоја Поповски, правник, вработен во КРО „4 Ноември",
Богоја Талевски, КВ работник во РО „Црна Река",
Дарчо Вренцовски, вработен во „Раде Кончар",
Светозар Костадиновски, вработен во „Југотутун",
Ристо Филиповски, вработен во „Иднина", ОЗТ „Хераклеа",
Милица Здравевска, КВ работничка во „Фустеларко борец",
Јосиф Силјановски,
Методија Димитровски, вработен во „Студентски дом",
Лилјана Петкова, правник, вработена во Домот на културата,
Лазе Лазаревски, вработен во „Борис Кидрич" — Кожара,
Милисав Стојановски, вработен во „Борис Кидрич" — Кожара,
Марица Момировска, вработена во „Металец",
Менка Димитровска, пензионерка,
Стефка Јанчулевска, правник,
Панајот Ралевски, полковник во пензија,
Фимка Терзиевска, лекар во Медицинскиот центар,
Љубиша Стојановски, правник,
Крсте Лазаревски, пензионер и
Митко Велјановски, месна заедница „Естреа Мара".

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:
Илија Марковски, наставник,
Ѓорѓи Гагачев, професор во пензија,
Цветанка Христова, социјален работник во Домот за народно здравје,
Ризанко Стојановски, професор во РО „11 Октомври",
Аслани Рамиз, наставник во ОУ „Гоце Делчев",
Сека Поповска, социјален работник во Центарот за социјални работи,
Јулија Димитровска, педагог во Заводот за школство,
Васка Ивановска, наставник,
Љубе Неделковски, професор и
Пецо Лозановски, наставник во пензија.

Општина Демир Хисар
Доncho Пејковски, земјоделец од с. Жван,
Риза Касаповска, дипл. економист и
Љубе Јанкуловски, дипл. правник

За судија поротник за судење на малолетници се избира:
Дюбри Радевски.

Општина Крушево
Фаница Тасевска, вработена во РО „Илинден",
Рамиз Алиоски, земјоделец од с. Житоше и
Јами Влаху, шум. инженер, вработен во „Универзал".

За судија поротник за судење на малолетници се избира:
Спиро Атанасоски, вработен во Центарот за социјални работи

Општина Охрид
Славица Ѓеорѓева, вработена во ЕМО,
Иван Силјановски, вработен во ХТД,
Климе Митиноски, вработен во „Трудбеник",
Јован Јованоски, вработен во „Лихнида",
Вера Димитриеска, вработена во „Отекс",
Ристо Милошески, вработен во „Братство",
Томе Китрозоски, индивидуален земјоделец,
Гоце Паскоски, вработен во „Илинден",
Љубе Николоски, вработен во „Нов живот" и
Сулејман Сабаедин, приватен занаетчија.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Дејан Блажески, вработен во Центарот за социјални работи и

Ваѓе Чингоска, вработена во ЦОУ „Глигор Прличев".

Општина Прилеп

Стеван Игнатоски, правник, вработен во ф-ка „Витаминка",

Киро Петрески, ВКВ бравар, вработен во ф-ка „Пролетер",

Љубомир Стојменов, агроном, вработен во „Тутунскиот комбинат", „ООЗТ „Производство",

Ангеле Талимџиоски, КВ работник, вработен во „Тутунскиот комбинат", ООЗТ „Обработка",

Киро Поп-Атанасоски, столар во пензија,

Василе Тркалески, земјоделец од с. Заполжани,

Оливера Сугареска, правник, вработена во Органот на управата,

Слободан Стојаноски, економист, вработен во РО „Комуналец",

Лидија Икономоска, хем. техничар, вработена во „Енергоинвест", „11 Октомври",

Алекса Иваноски, машинбравар, вработен во „Енергоинвест", „11 Октомври",

Василе Тотев, инженер-технолог, вработен во Текстилната индустрија „Билјана" и

Виолета Мирческа, КВ работничка во Текстилната индустрија „Билјана".

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Ацо Стојаноски, педагог во Центарот за социјални работи,

Верка Пееска, социјален работник во Центарот за социјални работи и

Лилјана Башеска, работничка во Текстилната индустрија „Билјана".

Општина Ресен

Васе Андреева, инж. архитект, Собрание на општината Ресен,

Нуре Далипи, вработен во ЗК „Преспанско јаболко", ООЗТ Земјоделие и

Кадри Ајруловски, земјоделец од с. Царев Двор.

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Ѓорѓи Стојановски, социјален работник во Центарот за социјални работи.

Општина Струга

Крсте Стојановски од с. Драслајца,

Маргит Чепуноска, вработена во ЦСО „Нико Нестор",

Гаваз Сабри, вработен во ВРО „Црн Дрим" и

Фатмир Зиба, вработен во ОУ во с. Делогожда.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Слободанка Нонеска, вработена во ЗПК — „Струшко Поле" и

Ремзи Нуши, вработен во ОУ „Јосип Броз Тито".

IV

За судии поротници на Окружниот суд во Скопје се избираат:

Општина Валандово

Боро Дончев, професор во УЦСО „Гоце Делчев".

За судија поротник за судење на малолетници се избира:

Боро Дончев.

Општина Гази Баба

Димитар Какашев, пензионер,

Трајко Мијаковски,

Ѓорѓи Стојановиќ

Коце Денковски, пензионер,

Темелко Мицевски, вработен во Проектантското биро на Македонија,

Владо Петрушевски, земјоделец,

Драган Кокановиќ, вработен во РО „Јеловица",

Миле Јованов, вработен во Заводот за заштита на културно-историските споменици на град Скопје,

Арсо Младеновски, пензионер,

Зулфи Асипи, земјоделец,

Бошко Божиновски, пензионер,

Владимир Каменковски, земјоделец од с. Кадино,

Ристо Ристовски, пензионер,

Милан Величковски, правник, шеф на Месна канцеларија — Маџари,

Љубица Јовановска, дипл. психолог, невработена и

Душко Панов.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Васка Јовановска, Филозофски факултет, вработена во „25 Мај",

Виолета Диниќ, пензионерка,

Цветанка Арсова, вработена во детска градинка,

Соња Стевановска, студент,

Лазо Котевски, професор во ЕМУЦ „Никола Тесла" и

Драгица Муцевска, професор во ОУ „Вера Јоциќ".

Општина Гевгелија

Ружа Стојанова, педагог, вработена во ЦОУ „Владо Кантарџиев".

Општина Гостивар

Наташа Антевска, заменик на општинскиот јавен обвинител на самоуправувањето,

Руждри Асипи, сточар од с. Врапчиште и

Џафер Мемети, ВКВ работник, вработен во ф-ка „Силика".

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Аритон Веселиновски, педагог, вработен во Заводот за унапредување на предучилишното и основното образование.

Општина Дебар

Арфие Јонузи, вработена во Медицинскиот центар,

Ирфан Јајага, вработен во ЦОУ „Братство и единство" и

Зијаде Коџаџику од с. Новак — Горна Жупа.

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Мирјана Спасевска, психолог во ЦОУ „Братство и единство".

Општина Кавадарци

Ристо Јосифов, вработен во „Страшо Пинџур", ООЗТ Примарна преработка,

Виолета Андова, вработена во АК „Тиквеш" и

Илија Ѓорѓиев, вработен во „ЕМРО".

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Олга Ставрева, вработена во Гимназијата „Јосип Броз Тито".

Општина Карпош

Љубомир Николовски, пензионер,

Љубомир Бидиков, вработен во Собранието на град Скопје,

Ванчо Петровски, пензионер,

Ѓорѓи Мартиновски,

Павлина Милошевиќ, пензионер,

Јаким Јовановски,

Перо Ивановски, економист,

Злата Гулија, пензионер,

Ѓорѓи Димишковски, пензионер,

Илија Аврамовски, просветен работник, вработен во Градскиот секретаријат за НО,

Санија Беговска, домаќинка,

Шефкет Мисими, наставник и

Никола Василевски, пензионер.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Русе Маринковски, пензионер и

Зора Крстевска, наставник во ОУ „Лазо Трповски".

Општина Кисела Вода

Милан Шарковски, пензионер,
Ѓоко Јовановски, пензионер
Иван Автовски,
Витомир Стојчевски,
Наќо Мојсов,
Славко Јаневски, пензионер,
Јованка Вуичич,
Миланка Миличич,
Ангеле Јовановски,
Борю Костовски,
Крсте Здравковски,
Јоанче Деспотовски,
Павле Фотевски,
Пиљо Садик,
Ристо Трпевски,
Зибер Рушитовски од с. Чифлик,
Азем Куртиши од с. Морани,
Борис Грнчаровски од с. Орешани,

Кирил Перински, вработен во Усје, ООЗТ Ремонт,

Алексо Стефановски, вработен во ф-ка „Црвена Ѕвезда",

Гоче Богоевски, вработен во ООЗТ „Енергетика" — Стакларница,

Перо Божиновски, вработен во ООЗТ „Билјана" — ОХИС,

Асан Бекировски, вработен во ООЗТ „Маврово — Стандард",

Киица Музурова, вработена во „Хемтекс",

Атанасие Ристевски, вработен во „Раде Кончар"

Насуф Таипи, вработен во „Алкалоид", ООЗТ „Билкарство",

Пеце Тодоровски,

Иванчо Николовски, вработен во ООЗТ Влеча на возови,

Захур Мурадијан,
Душанка Костовска и
Чоку Мужѓан.

За повремени судии поротници за малолетници се избираат:

Љупка Панова, психолог, вработена во Центарот за социјални работи и

Симеон Цветковски, вработен во ОУ „Кузман Шапкарев".

Општина Кичево

Јонуз Пиньоли, наставник во Централното основно училиште „Санде Штериовски",

Божана Петревска, шеф на стручната служба и

Блаже Петревски, непосреден производител, вработен во ОЗТ „Жито-Караорман".

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Круме Петковски, вработен во Центарот за социјална заштита.

Општина Кратово

Владо Захариев, вработен во СИЗ за становање и

Доне Митев, вработен во ОЗТ Кристалограверница.

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Миле Марковски, профеоор по марксизам во Гимназијата.

Општина Крива Паланка

Ружа Тасева, референт по работни односи, организација и самоуправување во Собранието на општината,

Благородна Ангеловска, стоматолог, вработена во Медицинскиот центар и

Благородна Цветковска, професор по југословенска книжевност и литература во Центарот за средно насочено образование „Моша Пијаде".

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Елизабета Деспотовска.

Општина Куманово

Спасе Трајков, вработен во Центарот за социјални работи.

Општина Македонски Брод

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Мијалче Мацовски, вработен во УЦСО „Вељко Влаховиќ".

Општина Неготино

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Ратка Иванова, педагог во Центарот за социјални работи.

Општина Тетово

Киро Кузмановски, пензионер,

Мемед Абруаламити, земјоделец од с. Боговиње,

Серие Идризи, работничка во конфекцијата „Единство",

Фарук Лукан, директор на ОУ „Истикбал" и

Гоце Кочовски, пензионер, Општински одбор за СЗБ од НОВ.

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Радослав Крстевски, социјален работник во Центарот за социјални работи.

Општина Титов Велес

Фехим Јусовиќ, вработен во ф-ка за порцелан „Борис Кидрич",

Благојка Ончева, вработена во Хемиското училиште,

Димче Милошевски, вработен во ОЗТ „Жито — Вардар",

Илија Јолдашев, вработен во АК Лозар и

Благојка Трифунова, вработена во Топилницата за цинк и олово — Злетово.

За судија поротник за судење на малолетници се избира

Спасе Стојановски, педагог во пензија.

Општина Центар

Крсте Угриновски,
Злате Тасевски,
Илија Лахтевски,
Киро Ристовски,
Боривоје Капушевски,
Душанка Новаковиќ,
Томе Крстевски,
Јово Јовановиќ,
Александар Нешковски,
Димитар Илиевски и
Ѓорѓи Бозбахилос.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Атанасие Станковиќ,
д-р Милан Георгиевски,
Милица Вељановска и
Бошко Станисавлевски.

Општина Чаир

Русе Букревски, пензионер
Никола Николовски,
Јани Сакип, пензионер
Вера Шубевска, вработена во КДУ „11 Октомври",
Драган Дејановски, пензионер,
Живко Милошевски, пензионер од Љубанци,
Стоја Вујановиќ, пензионер,
Богдан Каровски, пензионер,
Никола Каралиев, пензионер,
Алексо Петковски, вработен во Агропродукт и
Десанка Парлиќ, вработена во ОЗТ „Скопски текстил".

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:

Роска Илиевска Сиљановска, вработена во РО за згрижување и воспитание „Снежана",

Пано Спасовски, вработен во специјалното основно училиште „Иднина",

Љубо Нешиќ, пензионер.

V

За судии поротници на Окружниот суд во Штип се избираат:

Општина Берово

Снежана Мицевска, вработена во ТРО „Прогрес“ — Пехчево,
Борис Грковски, вработен во „Меркур-импорт“, ООЗТ Стоковна куќа,
Марга Чучевска, вработена во ЗИК „Малеш“, ООЗТ „Малешевска слива“ и
Војо Шишовски, вработен во СОЗТ „Треска“ ООЗТ Шумско стопанство „Малешево“.

Општина Виница

Стојмир Николов, вработен во ОЗТ, „30 Август“,
Зујка Симеонова, вработена во ООЗТ „Пролетер“ и,
Убзи Реџепов, земјоделец.

Општина Делчево

Димитар Ангелов, вработен во „Сандански“,
Мевџедин Мемедов,
Бистра Тасева, вработена во „Фротирка“ и
Бранко Петровски, вработен во „Партизанка“.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:
Стојка Захариева, вработена во ЕМАУЦ „Гошо Викентиев“ — Кочани и
Душко Бојаџиски, вработен во ГЕП „Љупчо Сантов“ — Кочани.

Општина Пробиштип

Стефка Кокарманова,
Павле Ѓорѓиев и
Ѓорѓи Топуков.

Општина Радовиш

Данчо Милчов, професор во РО „Гоце Делчев“.

Општина Свети Николе

Наумов Штерио, КВ механичар, вработен во ЗИК „Овче Поле“ ООЗТ Сточарство,
Маринка Адраманова, Месна заедница Ерџелија,
Христифор Сотировски, вработен во „Изолтерма“ и
Алексо Глигоров, вработен во катастарската управа.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:
Садик Максудов, професор по марксизам вработен во Училишниот центар „Никола Карев“,
Маца Стоилкова, дипл. психолог, вработена во ЗИК „Струмица“.

Општина Штип

Благој Тасев, пензионер,
Славе Младеновски, пензионер,
Гина Делчева, работник, вработена во ПИ „Македонка“,
Методи Патраклиски, пензионер,
Петар Стојановски, работник, вработен во ГРО „Бетон“,
Миле Смилевски, работник, вработен во „Металнa“,
Раде Николовски, работник, вработен во „Прогрес“,
Стојче Симоновски, пензионер,
Трајко Косевски, работник,
Ванчо Богдов, работник,
Драган Иванов, пензионер,
Благој Четкушев, дипл. правник, вработен во Младинскиот дом,
Стојанче Савев, саатчија,
Максим Костадинов, земјоделец од с. Радање,
Трајан Ефремов, земјоделец од с. Долни Балван,
Радмила Тубосављевиќ,
Рајхан Рамузовиќ, работник во Медицинското училиште,
Билјана Симонова, дипл. правник, вработена во „Чатал“,
Виолета Гуркова, дипл. правник, вработена во ЗИК „Црвена Ѕвезда“,
Анка Мемишова, работник,
Велибор Павловски, работник, вработен во ПИ „Македонка,
Елица Копитова, работник, вработена во ПИ „Македонка“,
Киро Ѓуров, економист, вработен во „Фортуна“,
Ристо Атанасов, работник, вработен во „Прогрес“
Трајче Пешев, работник, вработен во ПИ „Македонка“.

За судии поротници за судење на малолетници се избираат:
Кина Панзова, дипл. психолог, вработена во Медицинскиот центар,
Снежана Наумова, дипл. психолог, вработена во Центарот за социјални работи,
Здравко Костовски, социјален работник,
Стојан Атанасов, политички работник во ОК ССРН,
Драгица Здравева, асистент на Економскиот факултет во Штип,
Атанас Серафимов, професор во Гимназијата „С. Стојменски“,
Никола Зенделов, професор во УТЦ „Видое Смилевски — Бато“,
Миле Серафимов, професор во Средното музичко училиште,
Љупчо Ѓорѓиев, педагог во Центарот за ретардирани деца „Искра“ и
Цветанка Николова, педагог во Центарот за основно образование „Јосип Броз Тито“.

VI

За судии поротници на Окружниот стопански суд во Битола се избираат:

Општина Битола

Тодор Алексовски,
Душко Бакревски, книговодител во ООЗТ „Култура“,
Васко Богдановски, книговодител во ООЗТ „Социјален борец“,
Станое Буџевски, работник во РО „Пелистер“ — Трикотажа,
Љубица Валајчева, економист, вработена во ЗИК „Пелагонија“,
Борис Велјановски, вработен во Матичната библиотека,
Пеце Вешовски, ВКВ работник, вработен во Органот на управата при СО,
Гога Ѓорѓиевски,
Ѓорѓи Ѓорѓиевски,
Тоци Гоновски,
Ѓорѓи Дралов,
Љубислав Ѓорѓевиќ,
Василка Иванова, книговодител во РО „Црна Река“,
Миле Иванов,
Вангел Илиевски,
Благој Иљовски,
Живко Јузевски,
Тома Кацуљани,
Даринка Крстева, дипл. правник, вработена во „Раде Кончар“ — фрижидери,
Катина Маркова, ВКВ работник, вработена во ООЗТ „Елпида“,
Мишко Милевски,
Јоцо Митревски, секретар во Ректоратот,
Митре Митревски, вработен во ЗИК „Пелагонија“,
Митар Мустафа, шум. инж., вработен во ЗИК „Пелагонија“ — Развој,
Ружа Нака,
Ратка Николовска, правник, вработена во ООЗТ „Пелагонија — комерц“,
Пецо Петковски,
Весела Петровска, економист, вработена во ООЗТ „Пазари“,

Раде Петровски,
Илија Ивановски,
Боро Попоски,
Гоце Попоски,
Димче Саздановски, книговодител во РО „Прехрана",
Димче Станковски.
Крсте Таневски,
Тода Тодоровски,
Кире Трајчевски, книговодител во ООЗТ „Комунална хигиена",
Миле Христовски, економист, вработен во ООЗТ „Водовод",
Таќи Христовски и
Михтад Џемаил.

Општина Демир Хисар

Благоја Станојовски, економист,
Василе Радевски, инж. агроном,
Горјан Митревски, дипл. економист,
Љубе Ѓорѓиовски, дипл. правник и
Менде Трамтевски, дипл. правник.

Општина Крушево

Пецо Паноски, вработен во ООЗТ „Стаклара",
Коста Младеноски, вработен во „Оримента",
Љубе Илиоски, вработен во ОЗТ „Илинденка",
Василкија Иваноска, вработена во РО „Универзал" и
Живко Талески, вработен во „Комуна".

Општина Охрид

Ѓоре Илиевски. вработен во „Слобода"
Славе Милошевски, вработен во Винарската визба,
Ристо Танески, вработен во Медицинскиот центар,
Соколе Настевски, вработен во „Галеб" — Автосервис
Славе Ангеловски, вработен во ЕМО,
Цветко Ристески, вработен во ХТД,
Лиле Нанева, вработена во „ОТЕКС",
Јаковче Ристевски, вработен во Печатницата „Коста Абрашевиќ",
Младен Марковски, вработен во УТРО „Охрид",
Искендер Абдураман, вработен во „Трудбеник",
Видое Видически, Совет на ССО и
Киро Ангелоски, вработен во Живинарската фарма.

Општина Прилеп

Стеван Мојсоски, агроном, вработен во ЗИК „Прилеп", ООЗТ Долнени,
Иванка Грижоска, КВ работничка во „Микрон",
Киро Шојлески, вработен во Тутунскиот комбинат, ООЗТ „Фабрикација",
Атанас Паризовски, вработен во Тутунскиот комбинат, Заеднички служби,
Благоја Киселоски, техничар во „Металец",
Виолета Огњаноска, правник, вработена во Училиштниот центар „25 Мај",
Блага Михајлоска, вработена во „Инзап",
Слободан Каролиоски, вработен во РО „Младост",
Драган Бошкоски, машинбравар, вработен во Енергоинвест „11 Октомври",
Димитар Митески, металостругар, вработен во Енергоинвест „11 Октомври",
Борка Талески вработен во ДИК „Црн бор", ООЗТ „Промет",
Елиза Петреска, КВ работничка во „Солидарност" — Модна конфекција,
Новак Ѓорѓиоски, КВ водоинсталатер, вработен во МИП „Бањарот",
Киро Ангелески, КВ металостругар, вработен во „Микрон",
Марјан Продановски, правник, вработен во Органот на управата,
Шукрија Мифтароски, правник, вработен во ЕМУЦ „Ристе Ристески — Ричко",
Ратка Спирковска, вработена во „Центропромет" ООЗТ „Заеднички служби",

Тоде Данческии, сменски надзорник во Мермерниот комбинат,
Миле Димкароски, тутунски техничар во Институтот за тутун и
Александар Стојановски, работник вработен во „Ридтекс".

Општина Ресен

Шемовски Месим, непосреден производител вработен во РО „Југотутун",
Лазе Настевски, КВ работник, вработен во РО „Југотутун",
Виолета Јованова, вработена во „Преспатекс",
Огнен Кевиловски, машински инж., вработен во „Преспатекс",
Милевски Анастас, дипл. правник, вработен во РО „Агроплод",
Мунир Елмазовски, вработен во РО „Агроплод",
Ташко Митановски, правник, вработен во ШИП „Преспа" и
Никола Сековски, вработен во ООЗТ „Рибопреспа".

Општина Струга

Ристо Миладинов, вработен во Ф-ка „Борис Кидрич",
Ѓорѓи Шулески, вработен во ЗПК „Струшко Поле",
Климе Кукунешоски, вработен во „Струшка трговија",
Лепосава Крстаноска, пензионер,
Митар Рамановски,
Менди Велиу, вработен во Хотел Инекс — „Дрим",
Аљи Ајдиноски, вработен во Ф-ка „Борис Кидрич",
Таири Екрем, вработен во Дрвниот комбинат „Караорман",
Руса Бебекоска, пензионерка и
Ана Стојаноска, вработена во „Борис Кидрич".

VII

За судии поротници на Окружниот стопански суд во Скопје се избираат:

Општина Валандово

Атанас Лазов, вработен во ТРО „Ингропромет",
Витомир Нунов, раководител во ЗК „Анска Река", ООЗТ Оранжерии,
Каме Јанев, вработен во Конфекцијата „Ватекс",
Каме Бајлозов, ВКВ работник, вработен во Електродистрибуција,
Костадин Петков, раководител по експлоатација во Шумското стопанство „Саланџак" и
Никола Пандев, вработен во ОЗТ „6 Ноември".

Општина Гази Баба

Бошко Божиновски, пензионер,
Владо Јоксимовски, пензионер,
Стојан Костов,
Димче Мацаровски,
Ристо Јордановски,
Павле Саздов,
Блаже Јановски, пензионер,
Столе Веселиновски, секретар на Советот на МЗ Автокоманда,
Лазо Чадиевски, пензионер,
Чедо Поповски,
Борис Антевски, пензионер,
Салтир Арсовски,
Борко Талевски, пензионер,
Милан Ѓуровски, пензионер,
Ружа Стефковска, вработена во „Технометал",
Јонка Георгиева, лекар, вработена во Здравствениот дом „Скопје",
Ристо Ристовски, вработен во Љубљанска банка,
Цане Димовски,
Рабит Бајрамовиќ, работник,
Бајрам Зекири,
Борис Смилевски, земјоделец од с. Кадино,
Славе Гочевски, магационер во земјоделската задруга „Напредок",

Живко Вучковски,
Лидија Танева,
Гордана Блажевска,
Ерол Ајрединов, новинар во „Бирлик",
Драган Динев, економист, вработен во „Интерпромет", ООЗТ „Текстил",
Мичо Ристовски, правник, вработен во „Интерпромет", ООЗТ „Електрометал",
Катерина Панова, економист, вработена во СОЗТ Металски завод „Тито" — РО ФОП,
Александар Стојков, инженер — технолог, вработен во РЕ „Премази и синтези", РО „Алкалоид",
Ѓорѓи Исјановски, инженер, вработен во Рудници и железарница — Скопје,
Бисерка Митревска, економист, вработена во Рудници и железарница — Скопје,
Димитар Митевски, маш. техничар, вработен во Рудници и железарница — Скопје,
Драган Поповски, економист, вработен во „Авто-Скопје", ООЗТ „Механика ремонт",
Јордан Смилевски, КВ дреар, вработен во „Авто-Скопје", ООЗТ „Механика",
Стојан Темелков, ВКВ возач на автобус, вработен во ООЗТ Патен сообраќај,
Филип Јурмовски, економист, секретар за финансии во РО „Алкалоид",
Јордан Филиповски, референт во ИМТ „Македонски фолклор",
Благоја Весковски, вработен во ВАС „11 Октомври", ООЗТ Погон автобуси и
Цветан Трајковски, дипл. правник, вработен во РО „Алкалоид".

Општина Гевгелија

Никола Солев, правник вработен во Шумско стопанство „Кожув",
Нада Крстева, вработена во РО „Елегант",
Лазар Делиманов, вработен во Водна заедница „Повардарие",
Марија Георгиева, вработена во ЗИК Винојуг — Заеднички служби,
Ванчо Наков, вработен во Електромакедонија ООЗТ Никола Тесла,
Петар Јанчев,
Костадин Зафировски, вработен во Стоковна куќа „Меркур" и
Мирјана Раденова, вработена во книговодствено биро „Гевгелија биро".

Општина Гостивар

Сречко Лазарески, општествено-политички работник во ОС на ССМ,
Тофил Ѓурески, ВКВ работник во Ф-ка „Силика" ООЗТ — Ремонт,
Драгица Николова, технолог во Ф-ка „Готекс",
Фаредин Акику, технолог во ИГМ „Вардар",
Сафије Деари, спикерка во Радио Гостивар,
Алириза Шеху, ВКВ електричар во Електричната централа — Гостивар,
Шерафете Имери, наставничка во ЦОУ „Петре Јованоски",
Дилавер Абедини, техстилен техничар во Ф-ка „Готекс" и
Аливеби Уко, вработен во РО Водовод.

Општина Дебар

Изет Шемши, вработен во ОЗТ Шпилје,
Адем Коруми, вработен во ТРО „8 Септември",
Шпреза Стрикчани, Собрание на општина Дебар,
Јован Панчевски, правник вработен во ОЗТ Шпилје и
Рамадан Бајрами, вработен во Стопанска банка.

Општина Кавадарци

Љубица Јованова, вработена во ЦОУ „Страшо Пинџур",
Марика Клинчарова, вработена во „ЕМРО",
Ацо Златевски, вработен во ООЗТ Примарна преработка,
Светозар Петревски, вработен во ЕЛРО „Блажо Тодоровски Чичето",
Никола Гурев, вработен во ЕЛРО „Блажо Тодоровски Чичето",
Љубе Давчев, вработен во ЕЛРО „Блажо Тодоровски Чичето",
Душан Дакиќ, пензионер и
Стојан Петров, вработен во Собранието на општина Кавадарци.

Општина Карпош

Дукадин Дуковски, правник
Михајло Михајловски,
Киро Крстевски, пензионер,
Благоја Иванов, правник — пензионер,
Стојне Николовски, ВКВ работник,
Вера Милушева,
Горан Поповски, правник — Козле,
Живко Марковски, ВКВ работник,
Цветко Таневски, економист во пензија,
Василка Јаневска, правник,
Мирослав Ѓорѓевиќ,
Јован Ѓорѓевиќ,
Владо Коцевски, правник,
Боге Станојковски, ВКВ работник во пензија,
Татјана Дојчиновска, правник,
Ќазим Хасановиќ, ВКВ трговец,
Анѓелко Опасиќ, медицински техничар,
Томе Милошевски, економист од с. Сарај,
Китан Китановски, од с. Вучидол,
Зејнел Таири, пензионер,
Руменка Ѓорѓиевска,
Перо Ивановски,
Хоџа Рамадан, ВКВ работник од с. Рашче,
Гордана Илиевска, економист,
Атанас Божиновски, пензионер,
Музафер Бајрами, работник од с. Буковиќ,
Исмаил Азири, наставник во с. Буковиќ,
Хасани Исмаили, апсолвент на Економскиот факултет, с. Буковиќ,
Хамдија Ахметовиќ од с. Љубин,
Саво Србиновски, студент, на Правниот факултет,
Јован Јовановски, дипл. правник вработен во РО Топлификација,
Елица Панчева, домаќинка,
Марија Булатовиќ, вработена во РТВ — Скопје,
Маре Блажевска, домаќинка од с. Влае,
Предраг Георгиевски, пензионер од с. Влае,
Наум Крпачевски, правник вработен во ГРО „Маврово" ООЗТ Нискоградба и
Никола Јовановиќ, дипл. економист вработен во ГРО „Маврово" ООЗТ Хидроградба.

Општина Кисела Вода

Атми Вејсели, наставник,
Никола Буџовски, пензионер,
Филип Филиповски, пензионер,
Алексо Митревски, пензионер,
Бранко Јовчевски,
Душко Галевски,
Сотир Павловски,
Трајан Павловски, ВКВ работник вработен во ВАС „11 Октомври",
Нада Чогеља, ВКВ работничка во Ф-ка „Црвена Ѕвезда",
Живка Стојменова, вработена во РО „29 Ноември" ООЗТ Центроградба,
Идриз Кадриовски, вработен во ОХИС ООЗТ Енергетика,
Виолета Илиева, вработена во „Југотутун",
Софија Димова, КВ шивачка вработена во „Прогрес" ООЗТ Лесна конфекција,
Михајло Чингаровски, шеф на РЕ ОНТП на коли при ООЗТ Влеча на возови,
Крсте Шутиновски, вработен во ОХИС, погон Малон,
Вера Јуруковска, вработена во Ф-ка Усје ООЗТ Усје промет,
Драгица Манчевска, вработена во РО „Стаклара" ООЗТ Изотерм,

Магда Тошиќ, вработена во Ф-ка „Прогрес" шивачка и

Ристо Аврамовски, пензионер.

Општина Кичево

Миле Јанкуловски, вработен во „Тане Цалевски",

Киро Матевски, вработен во ООЗТ Кичевопром,

Боге Здравески, вработен во ООЗТ Рудник Тајмиште,

Благица Огненоска, вработена во ООЗТ Жито Караорман,

Елица Никодиноска, вработена во основното осумгодишно училиште „К. Ј. Питу",

Јордан Димовски, вработен во РЕК „Осломеј",

Вебија Азири и

Живко Ѓурчиновски, вработен во Општинскиот синдикален совет.

Општина Кратово

Марија Михајловска, медицински лаборант, вработена во Здравствениот дом,

Анка Ѓуровска, вработена во РИК „Силекс" ООЗТ Силпен и

Бранко Китанов, вработен во Ф-ката „Иднина".

Општина Крива Паланка

Божин Јовановски, дипл. правник во пензија,

Стојче Димевски, дипл. правник вработен во шумско стопанство Осогово,

Славе Трајковски, дреар вработен во ООЗТ Пролетер,

Вера Стојановска, вработена во СИЗ за становање, техничар,

Арсен Каранфиловски, дипл. правник вработен во Рудници „Бентомак",

Даме Вучевски, КВ ѕидар-тесар вработен во РО „Крива Река",

Љуба Јакимовска, КВ работничка вработена во Килимарницата „Вера Јоциќ",

Спирко Јакимовски, вработен во градска чистота, КВ електроинсталатер,

Бранко Ристевски, ВКВ уклопничар вработен во Електро К. Паланка, ТС-10 и

Драгица Димчевска, правник вработена во Металски центар „8 Октомври".

Општина Куманово

Верица Крстевска, педагог во СИЗ за вработување,

Виде Стефановски, економист во ЧИК,

Ратомир Ангеловски, електро инженер во ФЗЦ,

Чедо Петровски, економист во ФЗЦ „11 Октомври",

Диме Младеновски, инж. агроном во ТКК,

Иван Краљевски, книговодител во „Автосервис",

Мите Митевски, економски техничар во ОК ССРН,

Сабри Бакија, економски техничар во ОУ с. Матејче,

Љубица Ефтимовска агроном во ЗЗ „Слога",

Станка Димитриевска, инж. агроном во ЗИК „Куманово",

Јован Петрушевски, економист во ФЗЦ „11 Октомври",

Мите Чукчуковски, инж. агроном во „Агро-Куманово",

Младен Славковски, економист во Домот на пионерите,

Азиз Хајрулау, трг. работник во ЗИК,

Раими Билги, економист во ЧИК,

Томислав Накиќ, електричар во Кожара,

Регаипе Османи, наставник во ОУ „Бајрам Шабани",

Јордан Масевски, вработен во ФЗЦ „11 Октомври",

Спиро Зафировски, пензионер,

Сали Џељадини, правник во Тутуновиот комбинат и

Славко Анѓеловиќ, пензионер од Ст. Нагоричане.

Општина Македонски Брод

Левко Смилевски, вработен во ЗЗ „Пешница" с. Локвица,

Благица Јандреевска, вработена во ОВР,

Митија Волчески, вработена во Шумското стопанство „Сандански",

Стојан Секулоски и

Воислав Трајаноски, вработен во Ф-ка „Сувенир" — Самоков.

Општина Неготино

Цвета Христова, наставник во ЦОУ „Г. Делчев",

Розалија Јорданова вработена во ООЗТ „Пролетер",

Симо Данаилов, вработен во ЗОИЛ Македонија,

Атанас Најдов, вработен во ООЗТ Сепарација,

Блажо Ивановски, вработен во ООЗТ „Македонија",

Ангел Јошев, вработен во ООЗТ Кланица,

Лазар Минов, вработен во ТЕЦ „Неготино",

Илија Ристов, вработен во Домот на културата,

Андреа Игнев, вработен во Собранието на општината,

Игно Јанчев, вработен во ЗК „Венец",

Марика Теохарева, вработена во ФКН „9 Мај" и

Љупчо Глигоров, вработен во Собранието на општината.

Општина Тетово

Благоја Ефтимовски, вработен во ХЕК Југохром,

Спасе Ѓорковски, вработен во СОК,

Ѓоре Коцевски, секретар на ООЗТ „Трикотажа" — Тетекс,

Благоја Станковски, вработен во КРО „Тетово",

Илија Илиевски, работник во Електро-полог,

Бранко Ристовски, вработен во Југотутун,

Ади Касами, вработен во Општинската СИЗ за здравство,

Ангеле Ивановски, вработен во ПТТ,

Борче Јаневски, вработен во „Тетовска алумина",

Благоја Мирчевски, вработен во „Жито полог",

Ќатип Бесими, вработен во Автокуќа Тетово,

Тихомир Костовски, вработен во Конфекција „Единство",

Загорка Велковска, Општинска конференција на ССРН,

Васка Бачовска, работничка во СОК,

Сервет Хавзиу, член на Извршниот совет на Собранието на општина Тетово,

Рахман Бесими, секретар на Општинскиот одбор на Црвениот крст,

Невзат Хавзиу, лекар во Медицинскиот центар,

Јован Дамјановски, секретар на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата,

Наташа Бачовска, правник во Технопромет и

Мира Ѓорѓевска, правник во Општинската СИЗ за домување.

Општина Титов Велес

Никола Пинев, вработен во Топилница „Злетово",

Лилјана Вуличевиќ, вработена во Работничкиот универзитет,

Светлана Миланова, вработена во „Електровелес",

Драгица Нецова, вработена во ТВИТ „Нонча Камишова",

Митко Димитровски, вработен во Ф-ка за талк,

Ѓорѓи Трпков, вработен во Керамичката индустрија „Киро Чучук",

Фатија Попзлатанова, вработена во Ѓ. П. Младост,

Благој Босилков, пензионер,

Никола Солев,

Илија Босиновски, пензионер,

Тодор Димов, вработен во ГРО „Бетон",

Јордан Киров, вработен во Ф-ка за шински возила „Велес",

Дончо Јанев, вработен во Собранието на општина Титов Велес,

Петре Арсов, вработен во КРО „Дервен".

Општина Центар

Панче Аїдиноки,
Панде Богоевски,
Михаил Буратовиќ, вработен во РТВ — Скопје,
Елена Мукаетова,
Киро Крстевски,
Мито Митрески,
Нада Бајрами,
Томе Геговски,
Тодорка Дамеска,
Марко Георгиевски,
Ангеле Георгиевски,
Душко Костиќ,
Александар Стрезовски,
Ѓорѓија Наумовски,
Санде Митевски,
Стојмир Живковиќ,
Александар Нелковски, и
Славко Додевски.

Општина Чаир

Ангеле Маневски, вработен во Окружен суд — Скопје,
Томислав Митревски, вработен во РО „Наше дете",
Мирка Петровска, вработена во ОУ „Александар Урдаревски",
Зоран Новковиќ, вработен во РО „Солун",
Бранислав Миновски, вработен во „Едисон",
Стале Петровски, вработен во РО за згрижување и воспитување „11 Октомври",
Вангел Ушлиновски, вработен во ОУ „26 јули",
Миле Геговски, вработен во ОУ „Васил Главинов",
Ѓоко Јовановиќ, пензионер,
Љубица Парнациева, вработена во Советот на ССМ,
Адем Невруз, вработен во ФАС „11 Октомври",
Владимир Комненовски, пензионер,
Димитрија Тортевски, пензионер,
Пане Петковски, пензионер,
Ристо Матаков, вработен во Собранието на општина Чаир,
Перо Симовски, вработен во „Скотекс",
Кипро Сарџовски, вработен во МГВЗ „Хидроградба",
Гордица Спасовска, вработена во РО „Електра",
Живко Славевски, пензионер,
Филип Белчевски, пензионер,
Димитар Угриновски, пензионер,
Глигориј Поповски, вработен во ИГМ,
Цеко Мирчевски, вработен во „Екстериер",
Цветко Ивановски, пензионер,
Александар Алексовски,
Јордан Рајчевски, пензионер од с. Глуво,
Нинко Јаневски, вработен во ИГМ,
Никола Николовски,
Ристо Минков, пензионер и
Јоне Марковски.

VIII

За судии поротници на Окружниот стопански суд во Штип се избираат:

Општина Берово

Томе Каракашев, дипл. правник вработен во ООЗТ „Кристал" — Пехчево,
Калина Цикарска, вработена во ОЗТ „Беровчанка",
Бранко Димовски, вработен во РО „Треска" — Ограѓден,
Александар Кацарски, вработен во ДИК „Црн Бор" ООЗТ Пехчево и
Јован Калаџиски, вработен во ТРО „Трговпромет".

Општина Виница

Миле Јанковски, вработен во „Електро-Виница",
Славе Стефанов, вработен во ТРО „Илинден",
Натка Димитрова, вработена во ОЗТ „30 Август",
Ванчо Глигоров, вработен во Стопанска банка и
Глигор Терзиски, вработен во ОЗТ „Винка".

Општина Делчево

Ванчо Сумратски, вработен во ГРО „Гранит",
Гина Сабира, вработена во „Фротирка",
Славе Доневски, вработен во „Астибо" — Македонска Каменица,
Станојко Колевски, вработен во ЗЗ Руен — Македонска Каменица, и
Благојчо Сугарев, вработен во „Гобленка".

**Општина Кочани**

Здравко Пасовски, вработен во РУ „Ленин",
Методи Спасов, вработен во ГРО „Младост",
Јаско Илиев, вработен во „Југотутун",
Тошко Ајтовски, вработен во индустрија „Руен",
Васил Расков, вработен во Здружението на возачите,
Јорданка Белдедовска, вработена во ГРО „Младост",
Лазар Боцваров, вработен во РО „Хартија",
Живко Стојанов, вработен во СОК,
Лујза Кицова, вработена во конфекција „Пролетер" и
Тодор Арсов, вработен во „Треска" „Борис Кидрич".

Општина Пробиштип

Ѓорѓи Спасовски,
Војмир Јосифовски,
Ристо Настевски,
Тоде Кралев од с. Неокази и
Блаже Донков.

Општина Радовиш

Ѓорѓи Ристоманов, вработен во ЗИК „Радовишко Поле",
Јаворка Петрушева, дипл. технолог, вработена во РО „Декортекс",
Перо Кукутано, вработен во ШИК „Плачковица",
Билент Мехмети, вработен во РО „Бучим" РМБ и
Стојан Ангелов, вработен во РО „Бучим".

Општина Свети Николе

Душко Митев, вработен во ВКВ Млинар Жито Продукт,
Владица Ивановска, вработена во КИВ „Македонија",
Киро Сачев,
Ангел Јорданов, дипл. економист, вработен во конфекција „Мода" и
Павле Петков, вработен во „Изолтерма".

Општина Струмица

Усни Максудов, вработен во ГРО „Пелагонија",
Алија Куртев, ВКВ трг. работник во „Југопромет",
Јосиф Гидзиров, дипл. правник вработен во ЗИК Струмица,
Виолета Поповска, дипл. правник вработена во „Југотекст",
Драги Пандев, вработен во „Жито",
Манчо Ајтовски, мајор во ЈНА,
Соња Куртовиќ, дипл. правник вработена во СИК „Беласица",
Иринка Бosилaнова, дипл. правник, вработена во Органот на управата,
Ристо Осјменов, земјоделски инженер, вработен во „Струмички слив" и
Никола Устапетров, ВКВ работник вработен во „Струмичанка".

Општина Штип

Стојан Трајков, работник во ООЗТ „Алумина",
Перо Јорев, инж. во ООЗТ „Алумина",
Ангел Терзиев, работник во РО „Чатал",

Тодор Кашиков, работник во РО „Југотутун",
Петар Патраклиев, референт во „Интекспромет",
Ванчо Мацунаров, пензионер,
Трајко Босеовски, медицински техничар во Медицинскиот центар,
Борис Пингов, дипл. правник, вработен во Рударскиот факултет,
Душко Наумов, ВКВ работник во ОЗТ „Алумина",
Тања Димова, работник во ПИ „Македонка",
Кузман Карачанак, земјоделски инж. ЗИК „Црвена Ѕвезда",
Љупчо Миташев, инспектор во Собранието на општина Штип,
Милица Брашнарска, вработена во СИЗ за социјална заштита и здравствено осигурување,
Мино Алексов, работник во ПТТ,
Андон Каракулев, инж. во ЗИК „Црвена Ѕвезда",
Снежана Личнова, мед. сестра во Медицинскиот центар,
Методи Трајков, вработен во ПИ „Македонка",
Слободанка Николова, политички работник во ОО ССМ,
Љубица Донока, наставник во ОУ „Ванчо Прќе",
Анка Клинчарска, работник во МК „Астибо",
Благоја Здравев, инж. архитект во „Мегапроект",
Натка Коцева, работник во ЗИК „Црвена Ѕвезда",
Невенка Јорданова, медицинска сестра во Медицинскиот центар,
Роса Хаџипетрова, работник во „Македонка",
Севда Јанева, работник во ПИ „Македонка",
Боца Ѓорѓиева, работник во ПИ „Македонка",
Крсте Ациев, работник во „Баргала",
Миланка Иванова, работник во „Политекст",
Ристо Малинов, работник во „Мебел" и
Владимир Павлов, работник во „Балкан-Експрес".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-366
31 јануари 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова**, с. р.

**104.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 31 јануари 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПОВРЕМЕНИ СУДИИ НА СУДОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА МАКЕДОНИЈА И ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

I

За повремени судии на Судот на здружениот труд на Македонија се избираат:

Општина Берово

Богатин Стојменов, ВКВ работник вработен во РО „Алкалоид" ООЗТ Заводни материјали и
Киро Димитровски, правник вработен во „Истоктранс" — Штип ООЗТ АТШ.

Општина Битола

Нестор Несторовски, правник вработен во „Раде Кончар",
Миле Трпковски, вработен во општинскиот синдикален совет,
Петко Митревски, вработен во СИЗ за образование,
Лука Китановски, вработен во „Пелагонија комерц",
Борис Дунговски, вработен во „РЕК" Битола,
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КРИВА ПАЛАНКА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат работните луѓе од доходот на основните организации на здружен труд, од личниот доход од стопанска и нестопанска дејност, занаетчиска и земјоделска дејност, заради обезбедување средства на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

2. Стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Крива Паланка, се утврдуваат во висина од:

— 0,38% од доходот на основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77), во области на дејностите од 01 до 11;

— 0,30% од личниот доход од работен однос на работниците што остваруваат личен доход од работен однос;

— 0,12% од личниот доход од земјоделска дејност;

— 1% од личниот доход од самостојно вршење на стопанска дејност;

— 1% од личниот доход од самостојно вршење на нестопанска дејност.

Организациите на здружен труд од основното и средно насочено образование и од социјалната заштита ќе уплатуваат придонес во висина од 50%, а организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од општата стапка на придонесот од личниот доход од работен однос, што ја уплатуваат организациите на здружен труд и другите корисници на општествени средства, утврдени во алинеја 2 на оваа точка.

3. Пресметувањето и плаќањето на придонесот од доходот ќе се врши на начин и според обрасците утврдени во упатството за начинот на пресметување и плаќање на данокот од доход на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" бр. 21/74, 27/74, 36/74, 5/76, 13/76, 29/76, 28/77, 35/78, 9/79, 20/79 и 2/80).

Досегашните броеви во колоната 2 од образецот „ПДЗ", на кој се пресметува придонесот од доходот на основните организации на здружен труд за социјална заштита, се заменуваат со соодветните бројки од образецот „Деловен резултат во текот на годината (Биланс на успехот)," кој се применува од 1. I. 1981 година.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Крива Паланка за 1984 година бр. 01—18 од 19. I. 1984 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Бр. 01—260/2
28 декември 1984 година
Крива Паланка

Претседател,
**Марија Шуковска**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ПРИЛЕП

**88.**

Врз основа на член 106 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 155 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп на заедничката седница на Соборот на делегатите земјоделци — корисници на услуги и Соборот на делегатите на работниците во организациите на здружениот труд даватели на услугите, одржана на 21. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на корисниците — земјоделци за 1985 година на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп.

Член 2

Корисниците — земјоделци го плаќаат придонесот за здравствена заштита и тоа:

а) за задолжителни видови на здравствена заштита 14,40% од катастарскиот доход за корисниците кои имаат сопствена земја;

— 2.016,00 по домаќинство за корисниците кои земаат земја под наем;

б) за правата на здравствена заштита над задолжителните видови што самостојно ги утврдува Заедницата:

— 3,60% од катастарскиот доход — за корисниците кои имаат сопствена земја;

— 504,00 по домаќинство — за корисниците кои земаат земја под наем.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 4327
21 декември 1984 година
Прилеп

Собор на даватели на услуги
Претседател,
**Кирил Зајкоски**, с. р.

Претседател на Собранието,
**Јосиф Богојески**, с. р.

Собор на корисници на услуги земјоделци
Претседател,
**Васил Здравески**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**89.**

Врз основа на член 13 од Статутот на ОСИЗ за физичката култура — Радовиш, а во согласност со Резолуцијата за општествено економскиот развој на СРМ во 1985 година, како и Резолуцијата за општествено-економскиот развој на општината Радовиш за 1985 година, Собранието на заедницата донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ВИСИНА ОД 50% ОД УТВРДЕНАТА СТАПКА ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Се ослободува од плаќање придонес основното и средното насочено образование и Центарот за социјална работа со 50% од утврдената стапка за 1985 година.

Член 2

Стапката на придонесот за физичка култура од 0,17% се намалува на 0,9%.

Член 3

Реализацијата на Одлуката ќе ја следи СОК — експозитура —Радовиш.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Бр. 02—17
23 јануари 1985 година
Радовиш

Претседател,
**Јоцо Видов**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РАДОВИШ

**90.**

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 9/78 41/81 и 25/84) и член 22 од Статутот на СИЗ на културата — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ НА КУЛТУРАТА — РАДОВИШ ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваат одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружен труд и од личен доход од работен однос за обезбедување средства на ОСИЗ на културата — Радовиш.

Член 2

За 1985 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на ОСИЗ на културата — Радовиш и тоа:

— придонес од доходот на основните организации на здружен труд 0,27%,

— придонес од личен доход од работен однос 0,20%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ", ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Бр. 01—94
25 декември 1984 година
Радовиш

Претседател,
**Зорка Митева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

**91.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83 и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, Собранието на Заедницата со рамноправно учество на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, на заедничката седница одржана на ден 24. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесот за здравствена заштита за 1985 година се утврдуваат на 7,60% од бруто личниот доход и другите примања во кој се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,00%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравствената заштита од 3,60%.

Придонес за здравсвено осигурување по намалена стапка од 50% од став 1 на овој член ќе плаќаат: Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко" — Ресен, ООЗТ Земјоделство. РП „Преспатекс" — Дисперзиран погон во с. Стење, Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на хроничните и специфичните респираторни заболувања — Отешево. Земјоделската задруга „Агропроизвод" с. Дрмени, Земјоделската задруга „Мите Прцуловски — Царев Двор и новоформираните работни и договорни организации од областа на малото стопанство.

Придонесот за несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,40%.

Основица за пресметување од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход — остварениот доход;

— кој обврзниците кои не формираат доход — бруто личните доходи и другите примања.

Се ослободуваат од плаќање на придонес од личните доходи и од доходот:

— Здравствениот дом — Ресен и

— Младинската фабрика за преработка на текстилен регенерат во составот на РО „Преспатекс" — Ресен.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (деташирани работници) се одредува во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на здравствена заштита се распоредува сразмерно на стапките утврдени со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на привремено невработените лица СИЗ за вработување ќе го плаќа по стапка од 11%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува просечниот паричен надоместок на привремено невработените.

Член 4

Придонесот за здравствена заштита на пензионерите СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на нето стапката од бруто стапките од член 1 став 1 на оваа одлука.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на начин утврден со Закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02—32/1
24 декември 1984 година
Ресен

Собрание на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен

Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.

Собор на делегатите даватели на услуги
Претседател,
д-р **Сандре Доновски,** с. р.

Собор на делегати — корисници на услуги работници
Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.

**92.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на делегатите — корисници на услуги земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услуги, на седницата одржана на 24. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци од општината Ресен за 1985 година се утврдуваат и тоа:

1. за корисниците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход), се плаќа по стапка од 16,50% на катастарскиот приход;

2. за корисниците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа во паушален износ и тоа:

а) по 873,00 динари по домаќинство, ако семејството е задолжено и по катастарски приход;

б) по 2.595,00 динари по домаќинство, ако семејството нема земја и не е задолжено по катастарски доход.

Член 2

Придонесите што се плаќаат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствена заштита и тоа:

1. Задолжителни видови — 75%,

2. За правата што самостојно ги утврдува Заедницата и за другите права од здравствената заштита на корисниците — земјоделци 25%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02—31/1
24 декември 1984 година
Ресен

| Собор на делегатите корисници на услуги — земјоделци | Собрание на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен |
|---|---|
| Претседател, **Петре Шуковски**, с. р. | Претседател, **Спасе Марковски**, с. р. |

Собор на делегатите даватели на услуги
Претседател,
д-р **Сандре Доновски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**93.**

Врз основа на член 34 од Законот за физичката култура („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 29 точка 4 од Статутот на Општинската СИЗ на физичката култура — Св. Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 14. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА НА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО РСИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат средствата, односно стапките на придонесот што ги плаќаат основните организации на здружен труд во областа на стопанството од остварен доход, работниците луѓе од бруто личниот доход во нестопанството, самостојно вршење на граѓаните на стопански и нестопански дејности и граѓани што самостојно вршат земјоделска дејност.

Член 2

За остварување на својата програма во 1985 година, Општинската СИЗ на физичката култура средствата ќе ги обезбеди од следните извори:

— придонес од остварен доход во стопанството по стапка од 0,30%;

— придонес од работен однос во нестопанството по стапка од 0,30%,

— придонес од личен доход од самостојно вршење на земјоделската дејност по стапка од 0,30% и

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 0,50%.

Член 3

Основните организации од областа на основното образование и воспитание, како и основните организации на здружен труд во средното насочено образование што плаќаат придонес од личен доход од работен однос се утврдува стапка од 0,15%.

Член 4

Општинската СИЗ на физичката култура — Свети Николе, за остварување на програмата на РСИЗ на физичката култура од општ интерес за Републиката здружува средства во РСИЗ по договор односно 1.382.410 динари за 1985 година. Висината на овие средства ќе бидат коригирани во согласност со Резолуцијата за општата и заедничката потрошувачка во Републиката.

Член 5

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1985 година.

Бр. 1103—45
14 декември 1984 година
Свети Николе

Претседател,
**Павле Саздов**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**94.**

Врз основа на член 13 став 1 и 2 од Законот за самоуправните интересни заедници за образование и воспитание („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 25 став 4 од Статутот на Општинската СИЗ за образование и наука — Свети Николе, Собранието на Општинската СИЗ за образование и наука, на седницата одржана на 12 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ВО 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесот од личен доход на работниците за финансирање на дејностите на Општинската СИЗ за образование и наука на општината Свети Николе, според кои ќе се формираат средствата за 1985 година.

Член 2

Стапките на придонесот од личен доход на работниците за финансирање на дејностите на Опш-

тинската СИЗ за образование и наука на општината Свети Николе за 1985 година изнесуваат:

— од личен доход од работен однос 5,00%;

— од личен доход од самостојно вршење на земјоделската дејност 2,00%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанската и нестопанската дејност 6,00%.

Член 3

Основните организации на здружен труд од областа на основното образование и воспитание, како и организациите на здружен труд од насоченото-средно образование, кои плаќаат придонес од личен доход од работен однос, придонесот ќе го плаќаат по стапка од 2,50%.

Организациите на здружен труд од предучилишното воспитание и образование, кои плаќаат придонес од личен доход од работен однос, придонесот ќе го плаќаат по стапка од 3,50%.

Член 4

Во однос на обврзниците, основиците, пресметувањето и уплатувањето на придонесот ќе се применуваат одредбите на член 14 и 15 од Законот за СИЗ за образование и воспитание („Службен весник на СРМ" бр. 9/78).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

**Бр. 146**
**14 декември 1984 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**Игно Зафиров, с.р.**

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**95.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 103 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Свети Николе, Собранието на Заедницата. на седницата одржана на 20 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ ВО 1985 ГОДИНА

Член 1

За остварување на својата програма во 1985 година, Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Свети Николе, средствата ќе ги обезбедува од следните извори:

— придонес од бруто личен доход од работен однос во стопанските и нестопанските дејности, по стапка од 1,85%, а организациите на здружен труд од основното воспитание и образование и насоченото средно образование, ќе плаќаат по стапка од 0,93% од бруто личен доход;

— придонес од личен доход од земјоделската дејност, по стапка од 0,20%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанската и нестопанската дејност, по стапка од 2%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ",а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Бр. 1003-125
20 декември 1984 година
Свети Николе

Претседател,
**Живка Мишева,** с.р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**96.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78) и член 59 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 14 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ ВО 1985 ГОДИНА

Член 1

За остварување на програмата во 1985 година, Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Свети Николе средствата ќе ги обезбедува од придонесот од доходот на стопанството, по стапка од 0,50%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

**Бр. 0802—54**
**14 декември 1984 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**Драги Николов, с.р.**

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**97.**

Врз основа на член 34 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 26 од Статутот на Општинската СИЗ на културата — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 18. декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА НА СРЕДСТВАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА КУЛТУРАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат средствата, односно стапките на придонесот што ги плаќаат основните организации на здружен труд од остварен доход во стопанството, работните луѓе од работен однос во нестопанството, од самостојно вршење на граѓаните на стопанската и нестопанската дејност и граѓаните што самостојно вршат земјоделска дејност.

Член 2

За остварување на програмата во 1985 година Општинската СИЗ на културата средствата ќе ги обезбеди од следните извори:

— придонес од остварен доход во стопанството по стапка од 0,50%;

— придонес од работен однос во нестопанството по стапка од 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 0,50%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на земјоделска дејност по стапка од 0,30%.

Член 3

За основните организации на здружен труд, од областа на основното образование, како и средното насочено образование што плаќаат придонес од личен доход од работен однос се утврдува стапка од 0,15%.

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Бр. 1203—65
19 декември 1984 година
Свети Николе

Претседател,
**Панче Насков,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТИТОВ ВЕЛЕС

**98.**

Врз основа на член 56 од Законот за физичката култура („Службен весник на СРМ“ бр. 35/84), член 33 и 34 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Титов Велес и член 6 од Самоуправната спогодба за здружување на средствата во Републичката заедница на физичката култура, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура, на седницата одржана на 25 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТИТОВ ВЕЛЕС И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО РСИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат ОЗТ од доходот, работните луѓе од личен доход од нестопанство и граѓаните кои вршат земјоделска дејност, како и граѓаните кои самостојно вршат стопанска и нестопанска дејност, заради обезбедување средства на ОСИЗ на физичката култура и РСИЗ на физичката култура.

Член 2

Во 1985 година се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

1. придонес од доходот на ОЗТ по стапка од — 0,49%;

2. придонес од личен доход од нестопанството по стапка од — 0,30%;

3. придонес од земјоделската дејност по стапка од — 0,15%;

4. придонес од самостојно вршење на стопанската и нестопанската дејност, по стапка од — 0,15%.

Член 3

Од основот утврден во член 2 од оваа одлука ОСИЗ на физичката култура здружува средства во РСИЗ на физичката култура со издвојување на:

1. придонес од доходот на ОЗТ, по стапка од — 0,04%;

2. придонес од личен доход од нестопанството, по стапка од — 0,05%.

Вкупниот износ на средствата што ОСИЗ на физичката култура ги здружува во РСИЗ на физичката култура ќе се утврди со посебен договор.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши ОСИЗ на физичката култура и Службата на општественото книговодство — филијала Титов Велес.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1985 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08—243
25 декември 1984 година
Титов Велес

Претседател,
**Јован Димов,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП

**99.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 30 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на двата собора на Собранието, одржана на 23 ноември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ОД 1 ДЕКЕМВРИ 1984 ГОДИНА НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување од 1. XII. 1984 година се определува во висина од 8% од бруто личниот доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници), се определува по стапка во висина од 25% од утврдената основица. Основицата ја претставува месечниот просечен нето личен доход на работниците на матичната организација исплатен во годината што и претходи на годината во која работникот е испратен во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година.

Основицата од претходниот став во текот на годината се применува како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината во која деташирањето е извршено според претходната година.

Член 3

За лица кои работат по договор за дело се плаќа придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и професионално заболување по стапка од 2,93% од исплатениот надоместок.

Член 4

Доколку со Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Закон) и другите општи акти на Општинската заедница, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесот за здравствено осигурување се пресметува и се плаќа по стапка односно според тарифите пресметани за примена на нето личниот доход односно примањето.

Пресметувањето на стапките и на тарифите на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и се плаќаат во нето износ како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Член 5

Средствата што ќе се реализираат по оваа одлука се наменуваат:

— 56% за задолжителни видови на здравствена заштита;

— 44% за здравствена заштита која што самостојно ја утврдува Заедницата.

Член 6

Придонесите се пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на придонесот на начин утврден со Законо, со Статут или други општи акти на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 декември 1984 година.

Број 04—1480/4
23 ноември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

**100.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 9 од Законот за здравствена заштита и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип на седницата на Соборот на работниците — корисници на услуги, одржана на 26 декември 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица се определува и тоа:

1. 4150 динари во случај на смрт на дете од едногодишна возраст,
2. 6600 динари во случај на смрт на дете над (1) една година до (7) седум годишна возраст,
3. 9100 динари во случај на смрт на дете над (7) седум годишна возраст до 14 годишна возраст, и
4. 11.800 динари во случај на смрт на корисник на здравствена заштита на возраст над 14 години.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурено лице надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, се исплаќа според одлуката на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување каде што се врши закоп на осигуреното лице ако тоа е поповолно за него.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на неговото домаќинство им припаѓа надоместок за посмртна помош во висина на еднократен износ од основот на надоместокот на личните доходи од претходниот став.

Посмртна помош им припаѓа на членовите на семејството ако умреното лице ги издржувало до неговата смрт.

Член 4

Ако закопот на осигуреното лице го изврши работна или друга организација на истата ѝ припаѓа надоместок на трошоците за закоп во висина предвидена во член 1 на оваа одлука.

Член 5

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице број 1761—10/6 од 5 јануари 1984 година

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Број 06—1604/10
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

**101.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услуги и Соборот на делегатите на работниците на здружениот труд на здравството — даватели на услуги, одржана на 26. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА НЕГА НА ДУШЕВНО БОЛНИ ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на паричниот надоместок за чување и негување на душевно болни осигуреници во домашни услови.

Член 2

На осигурените лица душевно оболени, сместени на лекување во душевни болници, или на осигурениците кои ќе имаат потреба од такво лекување при сместување во домашни услови за чување и нега им се определува паричен надоместок во месечен износ од 3.780 динари.

Паричниот надоместок од претходниот став се исплатува на лицето кое осигуреното лице го чува и негува.

Член 3

Правото од член 2 на оваа одлука се остварува врз основа на писмено барање на странката и мислење на Комисијата на лекари-вештаци на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип.

Член 4

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на паричниот надоместок за нега на душевно болни осигуреници број 1761—10/7 од 5 јануари 1984 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Број 06—1604/11
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

**102.**

Врз основа на член 31 став 1 точка 13 од Статутот на Општинската заедница на здравстото и здравственото осигурување — Штип и член 58 од Законот за здравствена заштита, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничката седница на сите собори на Собранието, одржана на 26 XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА АМБУЛАНТСКИТЕ УСЛУГИ ЗА 1985 ГОДИНА

I

На осигурениците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, кои ќе користат здравствена заштита без упат во други здравствени организации надвор од Мадицинскиот центар — Штип, Заедницата ќе им признава трошоци за пружената здравствена заштита за извршените амбулантски трошоци најмногу до висина од 170 динари за секоја услуга.

II

Оваа одлука не се однесува за членовите на семејствата кои живеат надвор од седиштето на Заедницата.

III

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на амбулантските трошоци број 1761-1/9 од 28 декември 1983 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Број 06—1604/12
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

---

**103.**

Врз основа на член 31 став 1 точка 13 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата одржана на 26. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СТОМАТОЛОШКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО 1985 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува висината на трошоците за стоматолошки услуги извршени на осигурениците надвор од Медицинскиот центар — Штип, во случаи кога здравствената заштита се остварува без упат од Медицинскиот центар — Штип.

II

На осигурениците кои користат стоматолошки услуги во други здравствени организации без упат им се признаваат трошоците и тоа:

— за фиксни протетички услуги за секој член 390 динари;

— за мобилни протетички услуги — тотална или парцијална протеза — 1.020 динари;

— за секој заб за мобилно протетичко помагало — 36 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Рекублика Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Број 06-1604/13
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

---

**104.**

Врз основа на член 31 став 1 точка 13 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип и член 58 од Законот за здравствена заштита, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата одржана на 26. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА БОЛНИЧКИТЕ ТРОШОЦИ ЗА 1985 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува висината на болничките трошоци за осигурениците осигурени во Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, кои ќе остваруваат здравствена заштита во други здравствени организации, надвор од Медицинскиот центар — Штип, без да бидат упатени со болнички упат од страна на Медицинскиот центар — Штип.

II

На осигурениците кои ќе остваруваат здравствена заштита без упат од Медицинскиот центар — Штип, на товар на средствата на Заедницата ќе им се признаваат трошоци во износ од 770 динари за секој болнички ден.

III

На осигурениците кои во текот на болничкото лекување имаат потреба од интензивна нега им се признава интензивна нега во износ од 1400 динари.

IV

Оваа одлука не се однесува за членовите на семејствата кои живеат надвор од седиштето на Заедницата.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Број 06—1604/14
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с.р.

---

**105.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 1 од Законот за здравствена заштита и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на работниците — корисници на услугите, одржана на 26. XII. 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

I

При остварувањето на здравствената заштита во друго место, надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај, и тоа: автобус во патниот и втора класа — во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин определен во претходниот став на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во висина на остварените трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— 410 динари на подрачјето на Социјалистичка Република Македонија;

— 730 динари ако се упатуваат во друга република, односно покраина.

За децата до 9 годишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во висина од 50% од износот определен во претходниот став.

III

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување од точка II на оваа одлука се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае подолго од 12 часа односно во висина од 50% од пропишаниот износ во случај кога патувањето и престојот трае од 8 до 12 часа.

Кога патувањето и престојот трае помалку од 8 часа надоместокот на трошоците за исхрана и сместување не се исплатува.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1985 година.

Бр. 06-1604/15
26 декември 1984 година
Штип

Претседател,
**Нада Дечовска,** с. р.

---

**ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ**

Загубениот тркалезен печат под назив: „Центар за образование и оспособување на возрасни „13 Ноември" — Скопје" се огласува за неважен. (762)

Загубените тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Месна заедница, с. Тополница" се огласуваат за неважни. (838)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Воена книшка на име Мамути Нејази, с. Липково, Куманово. (402)

Воена книшка на име Фадил Јонузи, с. Копанце, Тетово. (412)

Воена книшка издадена од Куманово на име Кадрија Н. Тасими, с. Слупачане, Куманово. (422)

Воена книшка на име Исмет Рамадани, с. Камењане, Тетово. (460)

Воена книшка на име Фатмир Рамадани, с. Добрце, Тетово. (464)

Сообраќајна дозвола СК 90784 на име Раман Абдули, ул. „Балиндолска" бр. 41, Гостивар. (467)

Возачка дозвола издадена од СВР — Гостивар на име Раман Абдули, ул. „Балиндолска" бр. 41, Гостивар. (468)

Воена книшка бр. 065969, издадена од Македонски Брод на име Перо Кузмановски, с. Звечан, Македонски Брод. (477)

Пасош на име Милован Видески, ул. „Егејска" бр. 108/6, Прилеп. (534)

Воена книшка на име Ратко Стојановиќ, с. Нагоричане. Куманово. (546)

Возачка дозвола на име Абдулшаип Биљали, с. Романовце, Куманово. (548)

Пасош на име Здравка Ваневска, с. Сиричино, Тетово. (552)

Пасош на име Велко Ваневски, с. Сиричино, Тетово. (553)

Воена книшка на име Браим Руфати, с. Доброште, Тетово. (560)

Воена книшка на име Алит Алити, с. Д. Палчиште, Тетово. (562)

Возачка дозвола на име Исмет Имери, с. Требиште, Гостивар. (556)

Сообраќајна дозвола бр. 33-96 на име Исмаил Имери, с. Требиште, Гостивар. (567)

Девизна штедна книшка бр. 7017-13830 на име Нафи Салии, с. Добридол, Гостивар. (570)

Воена книшка на име Кире Арсов, с. Лесковица, Штип. (574)

Тековна сметка бр. 15-50-00835-3 и загубените чекови од бр. 0110691 до 0110710, издадени од Југобанка — Скопје на име Милка Лазаревска, Скопје. (679)

Воена книшка на име Рафет Мурати, с. Жировница, Гостивар. (708)

Воена книшка на име Нијаз Дика, с. Ливада, Струга. (773)

Воена книшка на име Фатмир Ганиу, ул. „М. Тито" бр. 4, Струга. (774)

Воена книшка на име Хајри Шеји, ул. „Г. Горгов" бр. 34, Струга. (775)

Воена книшка на име Шабан Беќири, ул. „Б. Миладинови" бр. 206, Тетово. (787)

Возачка дозвола за Б и Ц категорија, издадена од ОВР Пробиштип на име Чамовски Златко, ул. „Јордан Пиперката" бр. 6, Демир Хисар. (819)

Воена книшка на име Владо Џаферовски, с. Богомила, Титов Велес. (832)

Воена книшка на име Идриз Сулејмани, ул. „Б. Миладинови" бр. 40, Тетово. (854)

Воена книшка на име Таџедин Емини, ул. „105" бр. 46, Тетово. (878)

Свидетелство за IV одделение на име Живко Павлов, с. Војсловци, Радовиш. (887)

Свидетелство за IV одделение, издадено од ОУ „Орце Николов", с. Иљево, на име Ристов Васил, с. Војсловци, Радовиш. (888)

Воена книшка на име Борис Гиневски, с. Три чешми, Штип. (900)

Здравствена легитимација на име Шефика Мамутовска, Куманово. (7525)

Диплома на име Мусли Мурати, Куманово. (7526)

Здравствена легитимација на име Ники Арифи, Куманово. (7527)

Здравствена легитимација на име Натја Арифи, Куманово. (7528)

Здравствена легитимација на име Сузана Арифи, Куманово. (7529)

Здравствена легитимација на име Божица Арифи, Куманово. (7530)

Свидетелство за завршен испит на име Насер Рамадани, Куманово. (7531)

Здравствена легитимација на име Анета Јакимовска, Куманово. (7532)

Здравствена легитимација на име Дарко Кипријановски, Куманово. (7533)

Свидетелство и диплома за IV година на име Неџмедин Далипи, Тетово. (7534)

Лична карта на име Драгана Здравеска, Тетово. (7535)

Здравствена легитимација на име Мерита Амети, Тетово. (7536)

Дозвола за столарска работа на име Салија Османи, Тетово. (7537)

Здравствена легитимација на име Стојна Павловска, Тетово. (7538)

Работна книшка на име Алије Зеќири, Тетово. (7539)

Свидетелство на име Јусуф Синани, Тетово. (7540)

Здравствена легитимација на име Светлана Богоеска, Тетово. (7541)

Уверение за кондурација на име Енвер Меседи, Гостивар. (7542)

Работна книшка на име Ќаније Мустафи, Гостивар. (7543)

Свидетелство за VIII одделение на име Ќамил Асани, Гостивар. (7544)

Лична карта на име Златко Станов, Штип. (7545)
Здравствена легитимација на име Златко Станов, Штип. (7545-а)
Свидетелство на име Блага Илиева, Штип. (7546)
Здравствена легитимација на име Јорданка Кочева, Штип. (7547)
Документ за средно образование на име Ѓорѓиева Магда, Делчево. (7548)
Свидетелство за VIII одделение на име Ленче Ашикова, Струмица. (7549)
Свидетелство за завршено VIII одделение на име Радојка Боцевска, Скопје. (7550)
Решение бр. 11-156 на име Гани Ариф, Скопје. (7551)
Свидетелство за II година на име Маријана Василевиќ, Скопје. (7552)
Работна книшка на име Бојана Анковска, Скопје. (7553)
Свидетелство за VIII одделение на име Јован Волчески, Прилеп. (7554)
Здравствена легитимација на име Ќаније Исмаиловска, Куманово. (7555)
Свидетелство на име Слаѓан Стојчевиќ, Куманово. (7556)
Здравствена легитимација на име Нецмије Тахиу, Куманово. (7557)
Здравствена легитимација на име Иванова Олга, Куманово. (7558)
Здравствена легитимација на име Раданка Величковиќ, Куманово. (7559)
Свидетелство за VIII одделение на име Ружица Бошковска, Куманово. (7560)
Здравствена легитимација на име Емин Еминовски, Куманово. (7561)
Здравствена легитимација на име Алириза Зумбери, Куманово. (7562)
Лична карта на име Ајет Аљији, Куманово. (7563)
Диплома на име Роза Поповска, Куманово. (7564)
Здравствена легитимација на име Божидар Тасевски, Куманово. (7565)
Здравствена легитимација на име Владо Анастасовски, Куманово. (7566)
Работна книшка на име Цветко Солевски, Охрид. (7567)
Свидетелство за VIII одделение на име Андрески Борче, Македонски Брод. (7568)
Работна книшка на име Драгица Китанова, Штип. (7569)
Здравствена легитимација на име Горан Богданоски, Штип. (7570)
Свидетелство за I година на име Борис Максимовски, Кочани. (7573)
Воена книшка на име Златко Гурмешев, Скопје. (7574)
Работна книшка на име Љубомир Трајков, Битола. (7575)
Свидетелство за VIII одделение на име Цена Белева, Прилеп. (7576)
Диплома на име Анастасија Гајтанова, Прилеп. (7577-а)
Свидетелство за VIII одделение на име Петре Велкоски. (7577)
Здравствена легитимација на име Часлав Стојановиќ, Куманово. (7578)
Здравствена легитимација на име Весна Стефановска, Куманово. (7579)
Здравствена легитимација на име Фросина Додевска, Куманово. (7580)
Здравствена легитимација на име Славица Лазаревска, Куманово. (7581)
Здравствена легитимација на име Виолета Лазаревска, Куманово. (7582)
Здравствена легитимација на име Зимка Емини, Куманово. (7583)
Свидетелство за завршен испит на име Радивое Нешковски, Куманово. (7584)
Здравствена легитимација на име Ахмет Сулимановски, Куманово. (7585)
Здравствена легитимација на име Звонко Јовановски, Куманово. (7586)
Свидетелство на име Радица Димитриевиќ, Куманово. (7587)
Здравствена легитимација на име Раиф Елиминовски. (7588)
Здравствена легитимација на име Фросина Денковска, Куманово. (7589)
Здравствена легитимација на име Божидар Тагевски, Куманово. (7590)
Лична карта на име Момчило Ристовски, Куманово. (7591)
Здравствена легитимација на име Бедрија Мамутова. (7592)
Свидетелство на име Роза Поповска, Куманово. (7593)
Здравствена легитимација на име Драги Стефанов, Кратово. (7595)
Свидетелство за VIII одделение на име Незировска Сузана, Крива Паланка. (7596)
Лична карта на име Зеим Мемедовски, Титов Велес. (7597)
Свидетелство за IV година на име Лутви Зеини, Тетово. (7598)
Свидетелство за VIII одделение на име Шабан Меметн, Тетово. (7599)
Здравствена легитимација на име Шана Мустафи, Титово. (7600)
Работна книшка на име Нухија Џемаледин, Тетово. (7601)
Здравствена легитимација на име Дракче Војновски, Тетово. (7602)
Здравствена легитимација на име Сашо Богоевски, Тетово. (7603)
Земјоделска здравствена легитимација на име Руфат Ајлилиќ, Тетово. (7604)
Работна книшка на име Емина Амегиќ, Тетово.
Свидетелство за завршен испит на име Ратка Никова, Тетово. (7606)
Свидетелства од I до IV година и диплома на име Јусуф Селмани, Тетово. (7607)
Цверение за бурекџија на име Илефит Оџа, Тетово. (7608)
Земјоделска здравствена легитимација на име Џевџет Рамадани, Тетово, (7609)
Свидетелство за IV година на име Угрин Јовановски, Тетово. (7610)
Свидетелство за VIII одделение на име Зулфиќар, Емини, Гостивар. (7611)
Здравствена легитимација на име Ѓурѓа Манева, Штип. (7612)
Здравствена легитимација на име Јован Митев, Штип. (7613)
Свидетелство за VI одделение на име Садетин Азизоски, Прилеп. (7614)
Свидетелство за VIII одделение на име Ружа Стојаноска, М. Брод. (7615)
Свидетелство за I и II година на име Конзулова Дејана, Т. Велес. (7616)
Свидетелство на име Атанасова Охрида, Титов Велес. (7617)
Свидетелство на име Надир Реџепи, Тетово. (7618)
Лична карта бр. 129354 на име Стојан Апостолоски, Тетово. (7619)
Свидетелство на име Агим Вели, Тетово. (7620)
Здравствена легитимација на име Сиверџане Рањаки, Тетово. (7621)
Здравствена легитимација на име Ристо Стојанов, Штип. (7622)
Здравствена легитимација на име Вера Стојанова, Штип. (7623)
Здравствена легитимација на име Станоја Филипов, Штип. (7624)
Свидетелство за VIII одделение на име Елица Петровска, Скопје. (7625)
Свидетелство за II клас на име Милош Ковачевиќ, Скопје. (7626)
Здравствена легитимација на име Момчило Спасовски, Куманово. (7627)
Здравствена легитимација на име Снежана Китановска, Куманово. (7628)
Здравствена легитимација на име Мирјана Вучковска, Куманово. (7629)

## СОДРЖИНА


Страна

101. Одлука за формирање на Комисија за деловнички прашања — — — — — — 129

102. Одлука за разрешување и избор на судии на Окружниот суд во Скопје и Битола — 129

103. Одлука за избор на судии поротници на Врховниот суд на Македонија, Стопанскиот суд на Македонија, окружните судови и окружните стопански судови — — 130

104. Одлука за избор на повремени судии на Судот на здружениот труд на Македонија и основните судови на здружениот труд — — — — — — — — — — 140

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

84. Одлука за утврдување на надоместокот на трошоците за закон на корисниците на здравствена заштита — — — — — 149

85. Одлука за утврдување висината на надоместокот на дневните трошоци на корисниците на здравствена заштита, кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — — — — — — — — 149

КОЧАНИ

86. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1985 година — — 150

КРИВА ПАЛАНКА

87. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Крива Паланка — — — — 150

ПРИЛЕП

88. Одлука за висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на корисниците — земјоделци за 1985 година 151

РАДОВИШ

89. Одлука за ослободување од плаќање придонес за основно и средно образование и Центарот за социјална работа во висина од 50% од утврдената стапка за 1985 година — — — — — — — — — 151

90. Одлука за утврдување стапката на придонесите на ОСИЗ на културата — Радовиш за 1985 година — — — — — — — 152

РЕСЕН

91. Одлука за стапките на придонесот за здравствена заштита и стапките на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на корисниците — работници од општината Ресен за 1985 година — — — — — — — — — 152

92. Одлука за придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци од општината Ресен за 1985 г дин — — — 153

СВЕТИ НИКОЛЕ

93. Одлука за пресметковна стапка на здружување на средствата за остварување на Програмата на Општинската СИЗ на физичката култура и здружување на средствата во РСИЗ на физичката култура за 1985 година — — — — — — — — 153

94. Одлука за утврдување на стапките на придонесот за финансирање на дејноста на Општинската СИЗ за образование и наука на општина Свети Николе во 1985 година — — — — — — — — — — 153

95. Одлука за утврдување на пресметковната стапка за здружување на средствата во Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Свети Николе во 1985 година — — — 154

96. Одлука за утврдување висината на придонесот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Свети Николе во 1985 година — — — 154

97. Одлука за пресметковна стапка на средствата за остварување на Програмата на Општинската СИЗ на културата — Свети Николе за 1985 година — — — — — 154

ТИТОВ ВЕЛЕС

98. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ на физичката култура — Титов Велес и за здружување на средствата во РСИЗ на физичката култура за 1985 година — — — — — — — — 155

ШТИП

99. Одлука за стапките и тарифите на придонесите за здравствено осигурување и стапките на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство од 1 декември 1984 година на општината Штип — — — — — — — — — 155

100. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица за 1985 година — — — — — — — — 156

101. Одлука за утврдување на паричниот надоместок за нега на душевно болни осигуреници во 1985 година — — — — — — 156

102. Одлука за утврдување висината на амбулантските услуги за 1985 година — — — 156

103. Одлука за утврдување висината на трошоците за стоматолошка и здравствена заштита во 1985 година — — — — — 157

104. Одлука за утврдување висината на болничките трошоци за 1985 година — — 157

105. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствена заштита 157


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**